# ХРОНИКИ И СООПШТЕНИЈА

**Научен собир**

## КИРИЛО-МЕТОДИЕВСКИОТ (СТАРОСЛОВЕНСКИОТ) ПЕРИОД И КИРИЛОМЕТОДИЕВСКАТА ТРАДИЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

По повод прославата на 1100-годишнината од смртта на словенскиот првоучител Методиј Солунски, Македонската академија на науките и уметностите организира научен собир на тема: „Кирило-Методиевскиот (старословенскиот) период и кирило-методиевската традиција во Македонија". Научниот собир се одржа во Скопје во времето од 1 до 3 октомври 1985 година под покровителство на Советот на академиите на науките и уметностите на СФРЈ.

Собирот го отвори акад. Блаже Конески, претседател на Организациониот одбор. Поздравни говори одржаа: акад. Сурја Пуповци, од името на Советот на академиите на науките и уметностите на СФРЈ, акад. Јордан Поп Јорданов, од името на Македонската академија на науките и уметностите и проф. д-р Христо Андонов-Полјански, од името на Ректоратот на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје.

На овој меѓународен научен собир, на кој присуствуваа голем број научни, културни и јавни работници од градот и од Републиката, во рамките на предложената тема беа разгледани повеќе аспекти од различни историски области со цел да се осветли состојбата во Македонија во старословенскиот период и на низ вековите живата кирилометодиевска традиција на македонскиот терен.

На научниот собир беа поднесени 35 реферати. Тројца учесници беа од странство, четворица од другите републики на СФРЈ, а останатите од СРМ. Од излагањата на рефератите може да се заклучи дека научниот интерес кон редица сè уште отворени прашања за дејноста на знаменитите солунски браќа, за нивните мисии на книжевно-просветен и црковен план и за долгата и плодна традиција што ја донесоа нивните следбеници во Македонија сè до минатиот и почетокот на овој век е голем и постојан.

Во инвентивниот реферат „Мисли за настанокот на старословенското писмо и архаичниот период на јужнословенските ракописи" *проф. д-р Владимир Мошин* го истакнува револуционерното значе-

ње на епиграфските откритија од втората половина на нашиот век, кои наспроти вербата на меродавноста на „старословенскиот канон", го утврдиле фактот на различните патишта на фонетската еволуција во јужнословенските и источнословенските јазици на подрачјето на еровите и носните вокали.

*Акад. Блаже Конески* говорејќи за јазичните контакти меѓу старата македонска и руска писменост подвлекува дека тоа што покрстувањето на Русите станало во времето на Самоиловото царство причинило да се воспостават тесни контакти меѓу Киев и Охрид. Затоа е видно учеството на старословеските текстови од македонско потекло во создавањето на староруската писменост. Обратното воздејство е исто. Русизми се среќаваат во Македонското кирилско ливче од крајот на XI или почетокот на XII век: Поп Јовановото, Радомировото и Добрејшовото. Очевидно дека се пренесол еден руски слој во евангелските и други текстови во времето кога во јужнословенските земји се почувствувала голема потреба од пополнување на проретчениот книжен фонд.

*Акад. Јосип Хам* од Виена изнесе значајни сознанија за појавата и развитокот на кирило-методиевското писмо на хрватско тло и неговите врски со Македонија. Акад. Зузана Тополинска од Полска говореше за таканаречениот дативен однос во словенските јазици, нагласувајќи дека теориите на падежот или пошироко на функциите на именската синтагма во текстот што ги разликуваат таканаречените граматички и неграматички, т.е. „семантички" падежи го квалификуваат дативот како неграматички. Меѓутоа, статусот на дативот во кирилометодиевскиот јазик како и бројните рефлекси на тој статус во денешните јужнословенски јазици сугерираат потреба горната квалификација да се преиспита.

*Акад. Божидар Видоески* на сугестивен начин дава пресек на дијалектната состојба во Македонија од најраниот период до XIV век. *Акад. Петар Илиевски* во својот реферат за Просветителската мисија на Методиј ги нагласи неговите посебни заслуги во преведувањето на Светото писмо и укажува дека во мошне тешки услови таа работа била беспрекорно извршена и е од непроценлива важност за пресвртничкиот подем на словенски јазик и писменост. Како свештено лице, Методиј, исто така, извршил голема улога во организирањето на христијанската црква кај Словените, а со бројните просветителски акции придонел за ширењето на влијанието на писменоста меѓу најшироките народни маси.

*Проф. д-р Бранко Панов* во својот реферат „За Методиевото словенско кнежевство и создавањето на „Закон судни људем" детално се задржа на Методиевата дејност врзана за неговото кнезување во Стримонската склавинија. Низ одредени поставки тој исто така истакна дека досегашните хипотези за разликата во староста меѓу Солунските браќа, според споредбените заклучоци што ги изнесе, се до крај неубедливи. Кон крајот на 855 година поради бугарските завладувања

управничката дејност на Методиј, како и мисионерската работа на Константин Филозоф во Македонија била прекината. *Д-р Блаже Ристовски*, разгледувајќи ја од историски аспект Кирилометодиевската традиција во македонскиот културно-национален развиток во втората половина на 19 век и првата половина на 20-от век, заклучува дека автентичната Кирило-методиевска традиција во Македонија се карактеризира со автохтони појави, но и со надворешни фактори што суштествено го интензивираат овој процес што станува темелен сегмент на борбата за македонска држава и култура. Туѓите пропаганди, сепак не успеаја да го скршнат правецот на овој процес, а македонската национална свест се изгради врз комплекс од разни фактори, меѓу кои важно место зазема и Кирилометодиевската традиција.

*Проф. д-р Стјепан Антолјак* од Загреб во своето излагање на мошне пластичен начин изнесува значајни сознанија за правците на движењето на Кирил и Методиј за време на вршењето на нивната Моравска мисија. *Проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ* во својот реферат „Библијата и апокрифната книжевност" прави обид точно да се предочи разликата меѓу библиските текстови и апокрифните состави, настанати врз основа на соодветните библиски теми. При споредбата на библискиот текст со новонастанатите творби може да се констатираат разновидни состојби кои се движат меѓу две релации: 1. се забележуваат слаби разлики меѓу апокрифните текстови и Библијата и 2. широки разработки во апокрифните текстови, кои веќе не наликуваат на првобитниот библиски текст. *Проф. д-р Радмила Угринова Скаловска* во својот реферат ги проследува заемните врски на македонската варијанта на црковнословенскиот јазик со варијантите на црковнословенскиот јазик на српскохрватското подрачје. *Проф. Трајко Стаматоски*, презентира еден мал административно-правен документ од 1859 година на беровски говор што се чува во манастирот „Св. Архангел" во Берово, кој авторот го оценува како значаен за историската дијалектологија на македонскиот јазик. *Биљана Јовановиќ-Стипчевиќ* од Белград во својот реферат на тема „Структурата, историчноста и поетиката на грчко-словенскиот Паримејник" констатира дека со Методиевиот превод на Паримејникот словенскиот свет не добил само книга што станува дел од хармоничната целина во литургиското мислење и творечката идеја за можностите низ привидноста на духовната суштина на севкупно приближената трансцедентна прапричина да се отслика сознанието или поточно навестувањето на божјото битие.

*Д-р Вангелија Десподова* во својот реферат „Архаизмите и неологизмите во лексиката на Карпинското евангелие" го разработува прашањето за односот на сочуваните текстови кон првобитниот кирилометодиевски превод, т.е. прашањето за редакциите во словенскиот превод на евангелието е во тесна врска со прашањето за архаизмите и неологизмите во лексиката на одделни ракопи-

си. *Д-р Зденка Рибарова* во своето соопштение ги дава јазичните особености на Лобковскиот Паремејник, напишан во год. 1294—1320, кој спаѓа кон оние споменици кои во голема мерка одразуваат промени настанати во говорниот јазик. *Проф. Борис Бошковски* говори за Свети Методиј како образец за Свети Климент, при тоа нагласувајќи дека „со сè што направил свети Климент и со сè што нè задолжил нас Словените, тој достојно се оддолжил на славниот Методиј".

*Проф. д-р Томе Саздов* во „Народните преданија за Наум Охридски" ги презентира текстовите на македонските народни преданија во кои се литературно-фолклорно обработени ликовите и делото на словенските просветители Климент и Наум Охридски. Во светлината на најновите откритија на науката, авторот посебно се задржува на најпопуларното народно предание за Н. Охридски. *Д-р Михајло Георгиевски* во своето соопштение „Новооткриен струшки зборник од XVI век со творба од Св. Климент Охридски" подвлекува дека овој струшки зборник од XVI век е прв препис во Југославија што во целост се презентира пред јавноста.

*Д-р Михајло Миноски* во своето излагање се задржува на обемот и интензитетот на научните истражувања и проучувања на делото на Методиј Солунски, како и воопшто Кирило-методиевото прашање во македонската историографија. *Ѓорѓи Поп-Атанасов* во своето излагање за „Необјавен препис на ,Солунска легенда' од крајот на XV век" презентира нов препис на „Солунската легенда" од XV век. Преписот е поместен во ракописен зборник, којшто се чува во манастирот „Св. Никола-Никољац" кај Бијело Поље, под бр. 52. *Проф. д-р Христо Меловски* во својот реферат говори за две прашања: 1. Дали минијатурата од Скилицината хроника е аргумент за покрстувањето на кнез Борис од Методиј и 2. Дали треба да се менува 6 април денот на смртта на Методиј. *Д-р Сотир Голабовски* говореше за Кирило-методиевската традиција во македонската средновековна музика, а *м-р Мито Миовски* се претстави со соопштение под наслов „Лексички варирања во ,Панонските легенди' и нивниот одраз во современиот словенски ареал".

*Проф. д-р Цветан Грозданов* во своето излагање под наслов „Требино" за прв пат презентира една еднокорабна црква што се наоѓа меѓу с. Требино и Македонски Брод, која од поранешните проучувања била датирана во XVII век. *Акад. Димче Коцо* во своето соопштение говори за причините за непостоење на ликовите на Кирил и Методиј во нашата средновековна уметност до турскиот период, при што одговорот на ова прашање го наоѓа во тоа што Византија негативно ја оценила мисијата на Кирил и Методиј меѓу Словените, зашто таа мисија не ги дала очекуваните резултати. *Проф. д-р Петар Миљковиќ-Пепек* говорејќи за сакралната архитектура во Македонија во периодот на првиот христијански подем кај македонските Словени (од првата половина на IX век до 1018 година)" дава накратко целосна слика за развојот на

сакралната архитектура, со извесни историски уточнувања, хронологија, социолошка раслоеност и систематизација на одделни типови цркви; мали и големи базилики, впишан крст во правоаголен простор со слободни столпци, триконхоси, слободен крст и еднокорабни. *Проф. д-р Блага Алексова* во својот реферат „Првите словенски цркви по Брегалница" врз основа на историски податоци, литературни извори и најнови ископини и истражувања укажува дека по Брегалница на преодот од доцната антика во средниот век, се наоѓале значајни воени, административни и организирани ранохристијански црковни центри со епископски седишта во Баргала и Запара.

*Проф. д-р Франтишек В. Мареш* од Виена на многу суптилен начин говори за значењето на Методиј за почетоците на словенската писменост, *проф. д-р Јоже Погачник* од Осијек се задржа на културолошките премиси во Кирило-методиевската традиција. *Д-р Коста Балабанов* зборуваше за ширењето на култот на словенските просветители Кирил и Методиј во периодот од XIX век, а *Љупка Василев* за „Орнаментиката на Болоњскиот псалтир". *Д-р Лидија Славева* презентира еден новооткриен триод од XI век, а *м-р Красимира Илиевска* настапи со соопштение на тема „По трагите на Методиевиот Номоканон".

По излагањата на рефератите се разви дискусија, во која зедоа учество голем број од референтите. Многу податоци беа уточнети и дополнети, а многу прашања беа иницирани и ќе бидат предмет на идни собири или истражувања. Според оценките искажани на завршната седница, овој научен собир донесе низа излагања и научни проникнувања во Кирило-методиевската проблематика од историски, книжевноисториски и од други истражувачки домени што претставуваат значаен придонес кон изучувањето на Кирило-методиевската проблематика како во однос на одделни опсервации, така и во однос на интердисциплинарната обработка на некои прашања. Според, тоа, зборникот што во издание на Македонската академија на науките и уметностите ќе биде објавен ќе биде дочекан со интерес во научниот свет.

Благој СТОИЧОВСКИ

## ОД РАБОТАТА НА XI—ЈУГОСЛОВЕНСКИ СИМПОЗИУМ ЗА НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

Во организација на постојаната Комисија за наставата по историја при Сојузот на друштвата на историчарите на Југославија, Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија и Републичкиот завод за унапредувањето на образованието и воспитанието на СР Македонија, на 28, 29 и 30 август 1985 година во